# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

4 мај 2020 година, Гевгелија Број 4 Година XXXIX

Врз основа на член 14 став (2) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16 год.) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.04.2020 година, донесе

# ПРОГРАМА

## за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за 2020 година во Општина Гевгелија

### I.Вовед

Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести е во согласност со член 14 став (2) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 32/16 г.), според кој, заштитата на населението од заразни болести претставува организирана општествена активност со цел да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразни болести, кои се од посебно значење за Република Северна Македонија.

За заштита од заразни болести се спроведува епидемиолошки надзор и се применуваат општи и посебни мерки.

Епидемиолошкиот надзор го организираат и спроведуваат епидемиолошките служби при Институтот за јавно здравје- Регионален центар во Велес- Подрачна единица во Гевгелија.

Општите мерки за заштита од заразни болести се планираат и програмираат од страна на општината, на предлог на Центрите за јавно здравје,согласно Елаборат, за општина Гевгелија изготвен од ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес - П.Е.Гевгелија.

Овие мерки вклучуваат:

1.Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата;

2.Отстранување на отпадните води и цврстите отпадни материи на начин кој спречува загадување на човековата околина;

3.Обезбедување санитарно-технички и хигиенски услови во јавни објекти: (училишни и предучилишни установи, објекти за храна, објекти за водоснабдување, други јавни установи и други јавни места);

4.Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација;

5.Обезбедување на превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

Општите мерки ги организира единицата на локална самоуправа и се спроведуваат во согласност со стандардите и постапките утврдени со закон за секоја дејност одделно.

Посебни (специфични) мерки за заштита на населението од заразни болести се:

1.Откривање на заразни болести-поставување дијагноза;

2.Лабораториско испитување за утврдување на причинителот на заболувањето;

3.Пријавување на заразни болести;

4.Епидемиолошки испитувања;

5.Превоз, изолација и лечење на болни од заразна болест;